ОСНОВЕН СУД СТРУГА
СУ-04. бр. 14/23
19.04.2023 година
Струга

Врз основа на чл.18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ„ бр.43/15,98/15, 33/15,6/16 и 198/18 ) во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи, Основен суд Струга објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2023**

За вработување на судски службеници и лица кои вршат технички-помошни работи на определено време до 31.12.2023 година за следните работни места:

**1. Судски соработник категорија ,,В,, ниво ,,В-3,, - 1(еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:***

Стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет и положен правосуден испит.

***Работно искуство:***

- Најмалку 1 години работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***

- Активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење,
-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија(англиски, француски или германски)

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 33.288,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот; Работни денови : од понеделник до петок.

**2. Виш судски референт- извршител во писарница категорија ,,Г,, ниво ,,Г-2,, - 1(еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:***

Стекнати најмалку вишо или средно образование.

***Работно искуство:***

- најмалку 2 години работно искуство во струката.

***Посебни работни компетенции:***

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) согласно член 12 став 2 точка 4 од Закон за судска служба.

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Платата на судскиот службеник ќе изнесува 23.136,00 денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 07:30 до 15:30 ; Дневна пауза од 11,00 до 11,30 часот;Работни денови : од понеделник до петок.

**3. ,,Ложач-Хаусмајстор" – 1 (еден) извршител**

Услови што се бараат за вршење на работата:

***Стручни квалификации:***

Стекнато средно образование

***Работно искуство:***

- Со или без работно искуство во струката.

Платата на вработениот ќе изнеусва 20.175,оо денари. Работни часови неделно :40 часа; Работно време од 10:00 до 18:00 . Дневна пауза од 14:00-14:30 часот. Работни денови : од понеделник до петок.

**Сите кандидати треба да ги исполнуваат следните *Општи услови:***

- да е државјанин на Република Северна Македонија (уверение за државјанство не постаро од 6 месеци)
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен (копија од лична карта)
- да има општа здравствена способност за работното место (лекарско не постаро од 6 месеци)
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење на професија, дејност или должност. (уверение не постаро од 6 месеци)

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Струга од приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот http:www.vsrm.mk/wps/portal/osstruga.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Доказите кон пријавата се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на последното објавување на огласот ( не сметајќи го денот на објавувањето).

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Пополнетата пријава заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови ( за стручните квалификации, работното искуство и посебните работни компетенции ) кандидатите се должни да ги достават непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас бр. 1/2023, на следната адреса:

Основен суд Струга , ул.„ЈНА“ бб.,

Информации на следниот телефон 046784391 или на следната електронска пошта info@osstruga.mk .

Изборот ќе се изврши во рок согласно чл. 23 ст.2 од ЗРО.

ОСНОВЕН СУД СТРУГА
Претседател,
Ифет Бајрамоски